СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-4876/24
11.08.2021 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 59-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 11..08.2021 година

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 59-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
На седницата присуствуваат 16 советници, тројцата ќе се приклучат во текот на седницата .
Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.
Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од Педесет и осма седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 16.07.2021 година.
Дали има забелешки по Записникот од 58-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.
Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 58-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.
Констатирам дека е усвоен Записникот од 58-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.
Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од Петнаесетта вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 19.07.2021 година;
Дали има забелешки по Записникот од Петнаесетта вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци. Нема ?
Ве молам кој е за усвојување на Записникот од Петнаесетта вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.
Констатирам дека е усвоен Записникот од Петнаесетта вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од Шеснаесетта вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.07.2021 .

Дали има забелешки по Записникот од Шеснаесетта вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од Шеснаесетта вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци. Едногласно.

Констатирам дека е усвоен Записникот од Шеснаесетта вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имаме добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

## Дневен ред

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година –Втор квартал;

   Точка 2 и точка 3 СЕ ИЗЕМААТ понатаму редоследно се менува бројот на точките.

2. Предлог – Одлука за усвојување на елаборатот за проценка на материјална штета од природна непогода – голомразица што го зафати подрачјето на територијата на Општина Кавадарци во деновите 08.04.2021година, 09.04.2021година и 10.04.2021година.,
3. Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот одбор на СОУ „Гимназија Добри Даскалов"Кавадарци;
4. Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот одбор на СОУ „Ќиро Спанцов Брко"Кавадарци;
5. Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот одбор на СОУ „Ѓорче петров "Кавадарци;
6. Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишен одбор на ООУ „Тошо Велков Пепето" Кавадарци.

   Точка 7 СЕ ИЗЕМА понатаму редоследно се менува бројот на точките.

7. Одлука за склучување на Анекс бр.3 кон Договор за одобрување на долгорочен кредит 08-120-11700/1 од 12.03.2018 година и задолжување на подвижен имот, донесена од Управен одбор на ЈП Комуналец Кавадарци;

8. Извештај за работењето на ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ Кавадарци за период од 01.01.2021 до 30.06.2021, донесен од Управен одбор на ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ Кавадарци ;
9. Годишна Програма со арх.бр.01-409/1 од 16.07.2021 година за работа на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донеена од Училишен Одбор на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка

- Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Тоде Хаџи Тефов"Кавадарци за учебната 2020/2021 година со бр.08-331/2 од 16.06.2021 година, донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на Дневен ред,

Кој е за?Едногласно ,19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка

10. Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Тоде Хаџи Тефов"Кавадарци за учебната 2020/2021 година со бр.08-331/2 од 16.06.2021 година, донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација;
11. Годишна Програма со арх.бр.02-208/4 од 14.07.2021 година за работа на ООУ„Тошо Велков Пепето"Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;
12. Извештај за извршена самоевалуација на ООУ „Тошо Велков Пепето"Кавадарци за учебната 2020/2021 година со бр.02-208/7 од 14.07.2021 година, донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација .
13. Годишна Програма за работа на ООУ„Страшо Пинџур "Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци;
14. Извештај за извршена самоевалуација на ООУ „Страшо Пинџур "Кавадарци за учебната 2020/2021 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација .

Точка бр. 15 СЕ ИЗЕМА , понатаму редоследно се менува бројот на точките

15. Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци, донесена од Училишен одбор на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци

16. Годишна Програма за работа на ООУ„Димката Ангелов Габерот"с.Ваташа за учебната 2021/2022 година, донеена од Училишен Одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот"с.Ваташа;
17. Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Димката Ангелов Габерот"с.Ваташа за учебната 2020/2021 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација

Точка бр. 18 СЕ ИЗЕМА , понатаму редоследно се менува бројот на точките

18. Годишна Програма за работа на ООУ„Гоце Делчев"Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донеена од Училишен Одбор на ООУ„Гоце Делчев"Кавадарци ;
19. Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Гоце Делчев"Кавадарци за учебната 2020/2021 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација .

Точка бр.20 СЕ ИЗЕМА , понатаму редоследно се менува бројот на точките

20. Годишен План за вработување на ЈОУ Локален Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2022 година донесен од Директорот на ЈОУ Локален Музеј за регион Тиквеш- Кавадарци;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Годишна Програма за работа на ООУ„Димката Ангелов Габерот"Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донеена од Училишен Одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот"Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за . 19 за, едногласна одлука .

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 21.

21.Годишна Програма за работа на ООУ„Димката Ангелов Габерот"Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донеена од Училишен Одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот"Кавадарци

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Димката Ангелов Габерот"Кавадарци за учебната 2020/2021 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за . Едногласно. Благодарам.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 22

22. Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Димката Ангелов Габерот"Кавадарци за учебната 2020/2021 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација.

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за . Едногласно.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 23

23.Предлог-Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште;

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред.

Да. Развигор Кабранов повели.

РАЗВИГОР КАБРАНОВ:Почитувани колеги советници јас од формално правен аспект би предложил да си остане точката број 2 Предлог-Програма за Тиквешкиот Фестивал и Гроздобер за 2021 година, затоа што ние веќе имаме донесено одлука да ја пренесеме нашата надлежност, фирма од Скопје нели да ни го организира сето тоа. Ние можеме само да донесиме Заклучок по основ на препораките што ни ги дава Министерството за здраство и мерките кои што нели се забранува свадби и собирања во поголем број и во кафана да не се седе повеќе од 4 човека , да донесеме Заклучок дека Тиквешкиот Гроздобер за оваа година нема да се одржи и да му кажеме на тија што го има на тендер добиено воа дека нели организира дека го ослободуваме од обврската да, затоа што финансиски импликации од буџетот повлекува недонесувањето на ваков заклучок по основ на ваква точка.

РИСТО САКАЛИЕВ:Благодариме колега.Колеги на комисија не спомнавме, значи договорни сме и со тој што треба да го има тендерот, анализа правевме со овие наши правници, видовме дека со мерките што ги дава државата не постојат услови , нема да имаме дополнителни финансиски импликации по тој основ, значи нема никаков испад.Значи ние точката ја тргнавмеради тоа што човекот што требаше да даде програма, не даде програма, ради тоа .Треба да донесе програма, значи не дал програма. Не ни дал. Ни нема дадено. Таа што ја гледавме програма

отпадна , требаше нова , не ни даде нова ради тоа што се договоривме. Колеги благодариме, да одиме со дневниот ред.

Вака дадениот дневен ред го давам на гласање. Кој е за? Едногласно благодарам.

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година –Втор квартал;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор.Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за.? Едногласно.

2.Предлог – Одлука за усвојување на елаборатот за проценка на материјална штета од природна непогода – голомразица што го зафати подрачјето на територијата на Општина Кавадарци во деновите 08.04.2021година, 09.04.2021година и 10.04.2021година.

Отварам расправа по ова точка .Дали некој бара збор? Не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно 19 за.

3.Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот одбор на СОУ „Гимназија Добри Даскалов“Кавадарци;

Колеги можеме ли вака да ги читаме сите точки, сите училишта, Претседателот на Мандатна да ги прочита , да не оде секое школо да чита , одеднаш. Може така? Расправа заедничка , гласање поединечно, ама Мандатна да излезе да ги чита одеднаш .

4.Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот одбор на СОУ „Ќиро Спанџов Брко“Кавадарци;

5.Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот одбор на СОУ „Ѓорче петров “Кавадарци;

6.Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишен одбор на ООУ „Тошо Велков Пепето“ Кавадарци.

Од четврта до шеста точка заедничка расправа , али прво треба да ги прочита Претседател на Мандатна . Повели колешке .Истечен му е мандатот , не можат да дадат програма без нови членови.

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА:Почитуван Претседателе, почитувани колеги советници, на денешнава седница на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања донесовме решение за разрешување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот одбор на „Гимназија Добри Даскалов“ и решение за именување на нови поради престанување, нели истекот на мандатот.За тројца претставници на Општина Кавадарци во Училишниот одбор на училиштето„Гимназија Добри Даскалов“ се именуваат: Манчева Милка, Илиева Марина и Крстиќ Валентина .

РИСТО САКАЛИЕВ: Да гласаме .Ајде кој е за? Едногласно .

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА:За претставници на Општина Кавадарци во Училишниот одбор на училиштето " Киро Спанцов -Брко" се именуваат: Гого Гогов, Карова Весна и Димитрова Магдалена .

РИСТО САКАЛИЕВ:Одиме со гласање. Едногласно. Мандатот им е поминат.

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА:За "Ѓорче Петров": Душанка Митрова , Танчева Славица и Кароловска Александра.

РИСТО САКАЛИЕВ: Одиме со гласање.Кој е за? Едногласно

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: И на местото на Виолета Крстева за претставник на Општина Кавадарци во Училишен одбор на ООУ „Тошо Велков Пепето" во Кавадарци се именува Видикова Марина.

РИСТО САКАЛИЕВ: Едногласно.Благодариме колешке .

7.Одлука за склучување на Анекс бр.3 кон Договор за одобрување на долгорочен кредит 08-120-11700/1 од 12.03.2018 година и задолжување на подвижен имот, донесена од Управен одбор на ЈП Комуналец Кавадарци;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор?Повели докторе.

ТОНИ НЕШКОВСКИ: Може ли 5 минути пауза?

РИСТО САКАЛИЕВ: Добро ајде. Може.

РИСТО САКАЛИЕВ: Точка 7 ја ставам на гласање. Кој е за? Кој е против? Воздржан еден , двајца за, 16 против. Не помина. Сега ќе ви кажам.

Не може да нема Комуналец правник или човек да дојде тука да ни образложе на Комисија. Ка го давам материјалот седум дена мене да ме повикат во Комуналец јас ќе одам, да се кријат. Ни не знаеме што се крие зад договорот . Не го знаеме. Го имаш ли договорот да го читаш?

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: Имаме двајца вработени во Комуналец , ако знаат нека ни објаснат, ако имат информација .

РИСТО САКАЛИЕВ: Нека ги, нека ги, пристрасни се . Да е за Јасмин .

ЈОСИФ СТОЈАНОВ: Ќе објаснам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Не колега, седи, тензии се створаат седи. Чекај, нека го. Завршиме, нема збор.

8.Извештај за работењето на ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ Кавадарци за период од 01.01.2021 до 30.06.2021, донесен од Управен одбор на ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ Кавадарци ;

Колеги отварам расправа.Дали некој бара збор?Нема, точката ја ставам на гласање. Кој е за? 19 за.Едногласно.

9.Годишна Програма со арх.бр.01-409/1 од 16.07.2021 година за работа на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донеена од Училишен Одбор на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање.Кој е за?Едногласно. 19 за.

10.Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Тоде Хаџи Тефов“Кавадарци за учебната 2020/2021 година со бр.08-331/2 од 16.06.2021 година, донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација.

Отварам расправа колеги . Дали бара некој збор? Не бара никој. Точката ја ставам на гласање. Кој е за?19 за.

11.Годишна Програма со арх.бр.02-208/4 од 14.07.2021 година за работа на ООУ„Тошо Велков Пепето“Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;

Отварам расправа.Не бара никој збор? Точката ја ставам на гласање. Кој е за?Едногласно.

12.Извештај за извршена самоевалуација на ООУ „Тошо Велков Пепето“Кавадарци за учебната 2020/2021 година со бр.02-208/7 од 14.07.2021 година, донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација

Отварам расправа.Дали некој бара збор?Не. Ставам на гласање. Кој е за?Едногласно .

13.Годишна Програма за работа на ООУ„Страшо Пинџур “Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци;

Отварам расправа.Дали некој бара збор?Не, одиме со гласање.Едногласно за.

14.Извештај за извршена самоевалуација на ООУ „Страшо Пинџур “Кавадарци за учебната 2020/2021 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација .

Одиме со расправа. Не бара никој збор , одиме со гласање. Едногласно сите за.

15.Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци, донесена од Училишен одбор на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци.

Отварам расправа.Не бара никој збор точката ја ставам на гласање. Кој е за? Сите едногласно за.

16.Годишна Програма за работа на ООУ„Димката Ангелов Габерот“с.Ваташа за учебната 2021/2022 година, донеена од Училишен Одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот“с.Ваташа;

Отварам расправа.Дали некој бара збор?Не.Одиме со гласање.Едногласно за.

17.Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Димката Ангелов Габерот“с.Ваташа за учебната 2020/2021 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација .

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не одиме со гласање.Кој е за? Едногласно.

18.Годишна Програма за работа на ООУ„Гоце Делчев"Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донеена од Училишен Одбор на ООУ„Гоце Делчев"Кавадарци ;

Отварам расправа.Дали некој бара збор? Не одиме со гласање. Кој е за?Едногласно.

19.Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Гоце Делчев"Кавадарци за учебната 2020/2021 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација .

Отварам расправа. Не бара никој збор, одиме со гласање.Кој е за?Едногласно.

20.Годишен План за вработување на ЈОУ Локален Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2022 година донесен од Директорот на ЈОУ Локален Музеј за регион Тиквеш- Кавадарци;

Отварам расправа.Никој не бара збор, одиме со гласање.Кој е за? Едногласно 19 за.

21.Годишна Програма за работа на ООУ„Димката Ангелов Габерот"Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донеена од Училишен Одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот"Кавадарци.

Отварам расправа.Дали некој бара збор?Не . Одиме со гласање. Кој е за? Едногласно 19 за.

22. Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Димката Ангелов Габерот"Кавадарци за учебната 2020/2021 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација

Отварам расправа.Дали некој бара збор? Не бара никој, одиме со гласање.Кој е за? Едногласно 19 за.

23.Предлог-Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште;

Отварам расправа.Не бара никој збор. Одиме со гласање.19 за. Го ослободуваме училиштето од плаќање надоместок за градење во село Ваташа.

Колеги со ова е исцрпен Дневниот ред . Ја затварам седницата .

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ристо Сакалиев